# Показател должнички хартии од вредност – СДДС плус

Дирекција за статистика
Отсек за статистика на финансиски сметки
октомври 2022 година

# Статистички показатели – СДДС плус

- На 28 јануари 2019 година, националниот статистички систем пристапи кон највисокиот статистички стандард за дисеминација на податоци на ММФ – **СДДС плус**.
  - Услов за пристапување кон стандардот СДДС плус е изготвување **девет нови категории податоци**, од кои седум се во надлежност на **Народната банка**, а два во надлежност на Министерството за финансии.

- Во периодот од пристапувањето до денес, **редовно се изготвуваат и се доставуваат пет показатели во надлежност на Народната банка**. За категориите коишто недостасуваат, согласно со правилата на СДДС плус, е предвиден период на транзиција (рок од пет години за нивна подготовка).

- Периодот на транзиција истекува до јануари 2024 година, до кога треба да се достават преостанатите четири нови категории податоци.

**Народна банка**

**Должнички хартии од вредност, по сектор на издавач и сектор на имател**
квартални податоци

**Секторски биланси на состојбите**
квартални податоци

**Министерство за финансии**

**Фискални податоци на општата влада**
квартални податоци

**Бруто долг на државата**
квартални податоци

# Показател должнички хартии од вредност

- Прегледот за должнички хартии од вредност (ХВ) ги прикажува **финансиските врски врз основа на финансискиот инструмент должнички ХВ** помеѓу секторите во националната економија, како и помеѓу секторите во националната економија и секторот странство.

- Прегледот за должнички ХВ е систематизиран детален приказ на податоците за должнички ХВ, коишто се расположливи на поагрегирано ниво во рамките на статистиката за финансиските сметки, каде што се прикажани податоци за сите финансиски инструменти.

- Податоците се прикажани во матрица којашто го следи принципот **„од кого на кого"**, според секторот на **имателите** и секторот на издавачите на должнички ХВ. Поконкретно, податоците се однесуваат на состојбите на поседувани домашни и странски должнички ХВ од страна на резидентните иматели, како и на состојбите на поседувани домашни должнички ХВ од нерезидентните иматели.

- Должничките хартии од вредност опфаќаат краткорочни и долгорочни хартии од вредност (записи и обврзници) **издадени** од домашни издавачи, тргувани на домашните и на странските финансиски пазари. Исто така, тие ги опфаќаат и хартиите од вредност издадени од странски издавачи, поседувани од домашни иматели.

# Методолошка основа и основни принципи

**Методолошка основа:**

- Податоците за должничките хартии од вредност се изготвуваат според следниве меѓународни стандарди: Систем на национални сметки СНС 2008, Европски систем на сметки ЕСС 2010, Прирачник за платен биланс ППБ 6, Прирачник за статистика на хартии од вредност 2015.

**Основен принцип на приказ на податоците:**

- Податоците се прикажани по принципот „од кого на кого", според секторот на издавачот и секторот на имателот на хартиите од вредност.

**Метод на вреднување**

- Должничките ХВ се вреднувани по **пазарна вредност**. Во вредноста на ХВ е вклучен и износот на пресметаната камата на ХВ на крајот на референтниот период.
- Дел од државните хартии од вредност се вреднувани според **номиналната вредност**, вклучувајќи ги дисконтот/премијата и пресметаната камата.

**Секторизација на издавачи/иматели**

Во прегледот, **издавачите и имателите на должнички ХВ** се групирани во следниве сектори:

- Нефинансиски друштва;
- Финансиски друштва;
- Држава;
- Домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата (НПИСД) и
- Нерезиденти.

# Развојни активности и извори на податоци

- **Развојни активности –** детална анализа на меѓународните барања од областа на статистиката на хартии од вредност, анализа на постојните извори на податоци и утврдување нови извори на податоци коишто недостасуваат.

- **Проект за развивање апликативно решение за хартиите од вредност**, издадени и тргувани на домашниот пазар, заради обезбедување сеопфатни податоци за сопственичките и должничките хартии од вредност.
  - воспоставување база на податоци „хартија по хартија“ и изготвување извештаи.

- **Извори на податоци, хартија по хартија:**
  - ✓ **ЦДХВ –** месечни податоци за ХВ издадени и тргувани на домашниот пазар – ИСИН по ИСИН (состојби и трансакции), по сектор на резидентни иматели и за нерезидентни иматели;
  - ✓ **базите на податоци на НБРСМ** за државни хартии од вредност издадени на домашниот пазар за кои НБРМ е фискален агент (записи и обврзници), ИСИН по ИСИН;
  - ✓ **еВХВ –** ХВ издадени и тргувани на странски пазари – состојби и промени на вложувањата во должнички хартии од вредност издадени и тргувани на странски пазари;
  - ✓ **Примарни статистики** (екстерни статистики, монетарна статистика, ОФИ статистика).

**Рангирање на расположливите извори** – се избира оној извор којшто нуди методолошка усогласеност со ЕСА 2010, секторска конзистентност, задоволителен опфат и навременост – можни се разлики со примарните статистики, во делот на вреднувањето на податоците (пр. пазарна наспроти сметководствена вредност).

# Тековна состојба

I. Редовна изработка на **квартални податоци за состојбите на должничките ХВ** по секторот на издавачот и секторот на имателот, согласно со барањето на статистичкиот стандард СДДС плус.

II. Подготвена **временска серија** на податоци за периодот од првиот квартал од 2016 г. до вториот квартал од 2022 г. Податоците се искажани во милиони денари.

III. Подготвени кратки **методолошки објаснувања** за корисниците на податоци.

IV. Редовно објавување податоци, согласно со Календарот за објавување, **со квартална периодичност, Т+4 месеци** и редовно доставување во рамките на СДДС плус.

# АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ДОЛЖНИЧКИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

# Резиденти иматели на должнички хартии од вредност

- Состојбата на вложувања на резидентите во домашни и странски должнички ХВ, на крајот на вториот квартал од 2022 година, изнесува 324 милијарди денари и оствари квартално намалување од 9,1 милијарда денари (2,7%). Кварталниот пад во целост се објаснува со намалување на вложувањата на финансискиот сектор.

- Од аспект на домашните сектори иматели на должнички ХВ, финансиските друштва имаат најголемо учество од околу 95% од вкупното портфолио.

**Вложувања на резиденти во должнички ХВ, по сектор на имател (во милијарди денари)**




**Придонес во кварталната промена на вложувањата во должнички ХВ, по сектори (во милијарди денари)**



# Сектор на финансиските друштва

- Вкупните вложувања на финансискиот сектор во должнички ХВ во вториот квартал од 2022 година изнесуваат 308 милијарди денари, што претставува квартален пад од 9,2 милијарди денари, односно 2,9%.

- Од аспект на структурата по сектор на издавачи на хартии од вредност, финансиските друштва главно инвестираат во државни хартии од вредност, коишто на крајот на јуни 2022 година учествуваат со 51% во вкупните вложувања, а потоа следуваат вложувањата во странски должнички хартии од вредност, со учество од 47%. Остатокот од портфолиото од 2% се однесува на вложувањата во хартии од вредност издадени од финансиски друштва.

**Вложувања на финансиски друштва во должнички ХВ, по сектор на издавачи (во милијарди денари)**



# Сектор на финансиските друштва

- Анализирано од аспект на издавачите, кварталниот пад е резултат на:
  - намалување на вложувањата на финансискиот сектор во странски должнички ХВ,
  - намалување на износот на средствата пласирани во должнички ХВ издадени од финансиските друштва (благајничките записи) и во државни хартии од вредност.

- Во однос на крајот на 2021 година, намалувањето на портфолиото на финансиските друштва во должнички ХВ изнесува 19,6 милијарди денари (6%), при што најголем придонес за падот имаат странските должнички ХВ, а потоа и хартиите од вредност издадени од финансиски друштва, во услови на раст на вложувањата во државни хартии од вредност.

**Придонес во квартални промени на вложувања на финансиски друштва во должнички ХВ, по сектор на издавач (во милијарди денари)**




**Придонес во годишна промена на вложувања на финансиски друштва во должнички ХВ, по сектор на издавач (во милијарди денари)**



# Сектор на домаќинствата и НПИСД и сектор на нефинансиските друштва

**Вложувања на домаќинствата и НПИСД во должнички хартии од вредност, по сектор на издавач (во милиони денари)**




**Вложувања на секторот нефинансиски друштва во должнички ХВ, по сектор на издавач (во милиони денари)**




**Придонес во квартална промена на домаќинствата и НПИСД во должнички хартии од вредност, по сектор на издавач (во милиони денари)**




**Придонес во квартална промена на секторот нефинансиски друштва во должнички ХВ, по сектор на издавач (во милиони денари)**



# Сектор на домаќинствата и НПИСД и сектор на нефинансиските друштва

- **Секторот на домаќинствата и НПИСД** има слаб интерес за инвестирање на своите средства во должнички хартии од вредност. На крајот на вториот квартал од 2022 година, портфолиото на овој сектор изнесува 913 милиони денари и оствари квартално намалување од 39 милиони денари.
  - Во структурата на вложувањата во должнички хартии од вредност и натаму најголемо учество имаат државните ХВ (обврзниците за денационализација), а по нив следуваат вложувањата во финансиските друштва.
  - Од аспект на секторот на издавачи на должнички хартии од вредност, кварталното намалување е речиси целосно одраз на намалувањето на вложувањата на домаќинствата во државни ХВ.
- Должничките хартии од вредност како инструмент имаат најмала застапеност во портфолиото на **секторот нефинансиски друштва**. На крајот на вториот квартал од 2022 година, вложувањата на овој сектор изнесуваат незначителни 268 милиони денари и бележат квартално намалување од 8,1 милион денари.
  - Гледано по секторите на издавачите, кварталниот пад се должи на намалувањето на вложувањата во должнички хартии од вредност издадени од финансискиот сектор (банките) коишто имаат најголемо учество во портфолиото на овој сектор.

# Сектор странство

- На крајот на вториот квартал на 2022 година, состојбата на должнички ХВ коишто ги поседува секторот странство изнесува 108,8 милијарди денари, што претставува квартален пад од 11,9 милијарди денари, или 9,9%.
- Структурата на портфолиото на должнички ХВ по секторот на издавачите укажува дека и натаму вложувањата во државни хартии од вредност (еврообврзници) се најзастапени инструменти, со учество од 99,6% од вкупните вложувања.

**Вложувања на секторот странство во должнички ХВ, по сектор на издавач (во милијарди денари)**



# Сектор странство

- Гледано по секторот на издавачите, кварталниот пад целосно е резултат на намалувањето на портфолиото на нерезидентите во државни хартии од вредност, коешто е одраз на ценовните промени (пад на пазарните цени на еврообрзниците).

- Анализирано во однос на крајот на 2021 година, намалувањето на портфолиото на нерезидентите изнесува 20,6 милијарди денари, или 17%, главно заради негативниот ефект од ценовните промени, во услови на дополнителен негативен придонес на нето-вложувањата во државни хартии од вредност.

**Придонес во квартална промена на секторот странство во должнички хартии од вредност, по сектор на издавач (во милијарди денари)**




**Придонес во годишна збирна промена на вложувања на сектор странство во должнички ХВ, по сектор на издавач (во милијарди денари)**



# Иматели и издавачи на должнички хартии од вредност според принципот „од кого на кого“

- Приказот „од кого на кого“ покажува дека државата е клучен издавач на должнички хартии од вредност, додека нерезидентите и финансиските друштва се најголемите доверители, односно иматели на должнички хартии од вредност.

- Во Кв.2 2022 година во однос на Кв.1 2016 година, се забележува значително зголемување на издадените државни ХВ, но од аспект на структурата нема позначајни промени, односно и натаму нерезидентите и финансиските друштва се клучни иматели на хартии од вредност.

- Најголем износ на должнички хартии од вредност во странство поседуваат финансиските друштва (централната банка), при што во однос на Кв.1 2016 година се забележува зголемување на девизните резерви пласирани во должнички хартии од вредност.




